Јавно претпријатие за комунални
дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр. 0202-284/3
13.05. 2020 год.
Радовиш

Врз основа на член 5 став 1 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица („Службен весник на РСМ" бр.31/2020) и член 15 од Статутот на ЈП Плаваја Радовиш, Управниот одбор на ЈП Плаваја Радовиш на својата седница одржана на 12.05.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## Член 1

Се врши отпис на побарувања по основ на наплата на затезна односно казнена камата по главен долг и трошоците на постапката кои произлегуваат од старите извршни судски предмети трансферирани/пренесени кај нотарите и извршителите согласно со Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) заклучно со 31 декември 2011 година, како и предметите кои се дадени за извршување за наплата на долгови пред извршителите заклучно со 31 декември 2017 година.

## Член 2

Се врши репрограмирање на главниот долг и трошоците во постапките пред судот, нотарот и извршителот, но не вклучувајќи ја и каматата што произлегува од истите во месечни рати, во зависност од висината на доспеаниот долг и трошоците и тоа на следниов начин:

| ВИСИНА НА ДОЛГ И ТРОШОЦИ | РОК НА ОТПЛАТА |
|---|---|
| До 10.000,00 денари | 6 месеци |
| Од 10.001,00 до 60.000,00 денари | 12 месеци |
| Од 60.001,00 до 120.000,00 денари | 24 месеци |
| Од 120.001,00 до 240.000,00 денари | 36 месеци |
| Над 240.000,00 денари | 48 месеци |

За доспеани и неплатени рати на репрограмираниот долг и трошоци, ќе се пресметува законска казнена камата.

## Член 3

Се задолжуват стручните служби на ЈП Плаваја Радовиш за спроведување на оваа одлука.

## Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави на веб страната на ЈП Плаваја Радовиш.

ЈП Плаваја - Радовиш
Управен одбор
Заменик Претседател

Иле Георгиев

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Радовиш